ГРАНИТ

**ПРОФИЛ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР**

**на ГД Гранит АД Скопје**

Врз основа на одредбите од Законот за трговски Друштва, Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонска Берза, Статутот на ГД Гранит АД Скопје, Кодексот за Корпоративно управување на ГД Гранит АД Скопје и другите внатрешни акти на Друштвото, Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје ги утврдува следните минимални критериуми, кои треба да ги исполнуваат сегашните и идните членови на Надзорниот Одбор на Друштвото:

- лицето да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- лицето да има минимум пет години работно искуство, а доколку лицето треба да се избере за претседател на Надзорниот Одбор, истото треба да има минимум седум години работно искуство;
- лицето да поседува личен авторитет, интегритет и етика;
- лицето да поседува професионално искуство и знаење, релевантно за дејноста на Друштвото и неговото работење;
- лицето да поседува способност и достапност за активно и конструктивно учество во дискусиите и одлучувањето на Надзорниот Одбор, преку давање на мислења, сугестии и предлози;
- за потребите на вршење на обврските кои произлегуваат од членството во Надзорниот Одбор, лицето да е на располагање минимум 30 работни часа во текот на календарскиот месец.

При изборот на членови на Надзорниот Одбор, Друштвото го задржува дискрециононото право да постави и дополнителни критериуми врз основа на кои ќе се врши изборот, со цел да обезбеди квалитетно и професионално работење, заради зголемување на вредноста на Друштвото, а во интерес на акционерите.

Скопје, Март/2022 година